**Препораки од регионалната платформа за младински прашања**

На состанокот на невладините организации (НВО) од источниот и југоисточниот регион кој се одржа на 06 март во Струмица, вкупно 13 НВО се обврзаа да се посветат поактивно на идентификување и застапување на потребите на младите за поквалитетно образование, можности за вработување и подобрување на квалитетот на социјалниот живот во руралните средини.

За таа цел тие потпишаа Декларација за вмрежување во Регионална Платформа за Младински Прашања. Покрај тоа, на самиот настан тие идентификуваа препораки кои сакаат да ги достават до локалните чинители за да се отпочне со исполнување на реалните потреби на младите од руралните средини.

Притоа тие апелираат:

- Општините да ја подобрат информираноста на населението од руралните средини околу можностите за апликација на разни проекти кои се финансирани како од национални така и од меѓународни извори.
- Да се создадат услови за подобро поврзување помеѓу училиштата за да се разменат искуствата како помеѓу наставниците, така и помеѓу учениците.
- Од општините и од бизнис заедницата се бара да се идентификува и да се поддржи организацијата и одржувањето на локалните манифестации со кои се промовира особеноста на руралните подрачја.
- Да се поведе сериозна дискусија за оправданоста од отварање на бизнисот со хазардните игри и кладилници во руралните подрачја, како и да се провери почитувањето на законските одредби за лоцирање истите на пропишана далечина од училиштата.
- Младите имаат потреба од простор за дружење и затоа се бара општините да испланираат адекватни финансиски средства во своите буџети за уредување на ваков тип на простории. Во рамките на ова да се даде акцент на зголемување на културните содржини (кино, театар, концерти), вложување во спортска инфраструктура и организација на спортски денови.
- Да се активира општинската програма за волонтирање на младите во јавните институции.
- Подобрување на содржината на образовната програма, при што ќе се води сметка за потребите на пазарот на трудот од одредени профили, а воедно да се ревидира потребата и ефикасноста на постоечките струки и насоки. Притоа да се обрне особено внимание на особеноста на руралните подрачја и реалните потреби во истите.
- Да се работи на намалување на трошоците за школување на младите, особено на младите од руралните подрачја.
- Да се подобрат просторните услови во училиштата, а особено хигиенските.
- Неодложно зафаќање на општините во решавање локалните комунални проблеми како што се менаџирањето со отпадот и особено чистењето на смет од јавните површини.
- Да се зајакнуваат капацитетите на младинските совети од источна и југоисточна Македонија за да ги исполнат очекувањата и целите за нивно формирање.